ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-220/6**

**Дата: 21.10.2014**

**ДО:**
**ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**

## РЕЗИМЕ

Ревизијата на успешност - Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија кај Дирекцијата за заштита на личните податоци (Дирекцијата), е спроведена со цел да се даде оценка за ефикасноста и ефективноста на финансиското управување и контрола, во делот на вршење на работите на ефикасен и ефективен начин, усогласување на работата со законите и актите, заштита на имотот, користење на буџетските средства, јакнење на одговорноста при извршување на задачите и внатрешната ревизија.

Ревизијата на успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година.

Опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување на техники и методологија од страна на ревизијата, даваат основа да го изразиме следниот заклучок:

Надлежните органи за управување и раководење со субјектот имаат обврска за преземање мерки, политики и конкретни активности за пропишување на подзаконските и интерните акти, донесување и имплементација на процедурите за финансиско управување и контрола (планирање, извршување, мониторинг и известување) и внатрешната ревизија кои претставуваат предуслов за воспоставување на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија.
Со извршената ревизија на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија во Дирекцијата за заштита на личните податоци, констатиравме дека: донесени и имплементирани се стратешки документи, правилници за организација и систематизација, кодекс на однесување, пропишани се и имплементирани се контроли со процедурите за интерните контроли, извршено е

разграничување на одговорностите и овластувањата, воспоставени се контролни активности за редовно следење, усогласување и одобрување на евиденциите со документацијата, воспоставена е внатрешната ревизија, што упатува дека се преземени потребните активности за воспоставување и обезбедување на ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија за непречено остварување на целите на Дирекцијата.

Ревизорските активности кои ревизорскиот тим ги спроведе во Дирекцијата беа насочени кон повеќе области:

- Правната рамка и стратешките документи;
- Финансиско управување и контрола, во делот на:
  - Компонентите: контролно опкружување, управување со ризик, контролни активности, информации и комуникации, мониторинг;
  - Процесите: инвентарисување на средствата и обврските и доделување на договорите за јавни набавки и плаќање на набавките;
- Внатрешна ревизија.

Периодот кој беше опфатен со ревизијата на успешност е 2013 година и тековната 2014 година.

Од утврдените ризици во текот на ревизијата, произлегоа заклучоци, кои се основа за изготвување на ревизорска програма на активности. Ревизорската програма опфати активности за обезбедување на доволно комплетни и релевантни докази од Дирекцијата, врз основа на кои се сними состојбата и се донесоа заклучоци во рамките на поставените ревизорски цели.

Состојбите кои се прикажани во Конечниот извештајот се резултат на применетите постапки на ревизија со цел постигнување на објективна и реална оценка на тековните состојби за ефикасноста и ефективноста на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија, детектирање на клучните фактори кои влијаат врз ефикасноста, нивна анализа, утврдување на причините за постојната состојба и креирање на јасни и реални препораки по кои надлежните лица треба да постапат.

Од целокупниот опфат и доказите кои ги обезбедивме по пат на спроведените техники и методологија, ревизијата ги констатира следните состојби:

- Дирекцијата има воспоставено **правна рамка** и стратешки документи кои поблиску го уредуваат ефикасното креирање на политиките во работењето, овозможуваат ефикасно и ефективно функционирање на системот на

финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија, се со цел реализација на целите на Дирекцијата;

- со формирањето на одделението за финансиски прашања, користењето на внатрешен ревизор од друг субјект и имплементацијата на пишаните процедури за работа, во Дирекцијата е создадено позитивно опкружување за развивање на контролната свест на вработените, кое овозможува непречено функционирање на системот на финансиско управување и контрола, преку правилно поставена организациона структура, промовирање на етичките вредности, континуирана едукација и надградба на вработените, во насока на остварување на целите на субјектот;

- **Со стратегија за управување со ризици** раководството го поддржува процесот за управување со ризиците. Во текот на ревизијата формирана е работна група која има за задача да изврши дополнување на Стратегијата за управување со ризик односно да ја определи улогата и одговорноста на вработените во управувањето со ризиците, како и мониторингот и известувањето за истите;

- имплементирани се **пишани процедури за работа**, со кои јасно се дефинирани овластувањата и одговорностите на вработените, како и воспоставена е поделба на должностите на начин кој оневозможува едно лице да ги контролира сите значајни фази на определена активност;

- воспоставен е **систем на комуникација** за добивање и пренос на информации неопходни за извршување на задачите на вработените, со цел да се обезбеди стабилно финансиско управување и ефективно следење и утврдување на ризичните состојби пред нивното настанување;

- преземените активности на Дирекцијата за **следење, самопроценка и внатрешна ревизија** на финансиското управување и контрола, како и превземањето мерки за отстранување на слабостите утврдени со ревизијата, укажува дека директорот на Дирекцијата има позитивен став за следење и постапување по дадените препораки од внатрешната ревизија;

- со воспоставениот систем на интерни контроли во процесот на набавките, најголем дел од активности се покриени со контроли, но постои потреба од пореално планирање на потребите предвидени со годишниот план за јавни набавки во делот на вредноста на договорот за јавна набавка;

- во процесот на плаќање на набавките, воспоставените контроли се доволни за потврдување на настанувањето, вреднувањето, постоењето и плаќањето на

обврските кон добавувачите, освен во делот на плаќањата преку сметката за буџет на донации;

- Дирекцијата има пропишано систем на контроли со кој се покриени активностите за организирање, спроведување и известување за резултатите од извршениот **попис на средствата и обврските**, но постои потреба од продолжување на отпочнатите активности во делот на целосната сметководствена евиденција на книгите како основни средства, на начин пропишан со законската и подзаконската регулатива;

- воспоставениот начин на организација на внатрешната ревизија обезбедува одговорното лице на Дирекцијата да добие независно, разумно и објективно уверување за регуларноста, ефективноста и ефикасноста во целокупното работење, како и совети и насоки за подобрување на констатираните состојби. Со превземање на активности и мерки по дадените препораки се зајакнува ефективноста на системите за внатрешна контрола.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање мерки за надминување на истите. Препораките произлезени од оваа ревизија се насочени кон подобрување на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија.

По Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, Дирекцијата достави известување за преземени мерки и активности по дадената препорака, кои се соодветно обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.